# Пукал со пушка и усмртил куче: Вознемирувачки инцидент во Куклиш

Автор: **Скопје1.мк** објавено пред 6 часа - 20 јануари, 2026

МАКЕДОНИЈА



Полициски службеници од СВР Струмица на 19 јануари 2026 година околу 17:00 часот во селото Куклиш, струмичко, го лишиле од слобода Д.Б. (50), жител на истото село, поради сомнение за тешко кривично дело поврзано со употреба на огнено оружје.

Според информациите од полицијата, осомничениот околу 14:00 часот испукал еден истрел од ловечка пушка, при што усмртил куче во сопственост на М.Ѓ., исто така од селото Куклиш. Инцидентот предизвикал вознемиреност кај локалното население, а случајот бил пријавен во полиција.

На местото на настанот бил извршен увид од страна на увидна екипа на СВР Струмица, заедно со ветеринарен лекар, по што ловечката пушка била одземена од осомничениот. По целосното документирање на случајот, против Д.Б. ќе биде поднесена соодветна пријава до надлежните институции.

**Сподели**

Претрес на Дацо Белски: преживувањето на Детонатор, Груевски, Мијалков, Урко.. и судијата со парите












Согласност за колачиња (cookies)
Нашата веб-страница користи колачиња за подобрување на корисничкото искуство и анализа на сообраќајот.
Прочитај повеќе Прифат



Copyright © 2025 Скопје1.мк